**20190270364**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јануари 2019 година.

Бр. 08-711/1
30 јануари 2019 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија" број 158/10, 27/14, 42/14, 187/14, 146/15, 31/16, 190/16, 64/18 и 248/18), во членот 14 став (8) по зборовите: „членови на Владата на Република Македонија," се додаваат зборовите: „избрани и именувани лица од страна на Владата на Република Македонија или Собранието на Република Македонија,".

Член 2

Во членот 17 став (1) во алинејата 2 сврзникот „и" се брише.

Во алинејата 3 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и".

По алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

„- ако вршењето на функцијата член на Комисијата е неспојлива со вршење на друга јавна функција согласно со членот 14 став (8) на овој закон.".

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".